**ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА „РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ 2007 – 2013“**

# ПРОЕКТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ВО НЕПОВОЛНА ПОЛОЖБА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

**јуни 2013**

ПОДДРШКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ЛИЦА, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА И ЖЕНИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ 3

ОБРАЗОВАНИЕ, ВРАБОТУВАЊЕ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ ОД ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ 4

ПАТЕКА НА КАРИЕРАТА - ПОДОБРУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ОД ЕТНИЧКИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 4

ПОДДРШКА НА ЖЕНИТЕ РОМКИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 5

ПОДДРШКА НА ЖЕНИТЕ ОД МАЛЦИНСТВАТА ПОГОДЕНИ ОД КОНФЛИКТОТ 5

ИНТЕГРИРАНА ПРОГРАМА ЗА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ 6

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА ЖЕНИТЕ ОД НЕМНОЗИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ПРЕКУ ПРОФИЛИРАЊЕ / ОЦЕНКА, ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА И СОВЕТУВАЊЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ 7

РАБОТЕН КЛУБ ЗА НЕВРАБОТЕНИ ЖЕНИ ОД ЕТНИЧКИТЕ МАЛЦИНСТВА - ОБУКА, ПОСРЕДУВАЊЕ, САМОВРАБОТУВАЊЕ 8

## ПОДДРШКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ЛИЦА, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА И ЖЕНИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Агенцијата за вработување организираше разни видови обуки и практиканство за младите невработени луѓе, долгорочно невработените лица и жените и со тоа им овозможи да ги подобрат своите знаења и вештини за полесно да најдат работа.

Се постигнаа следниве резултати:

464 млади луѓе на возраст до 27 години беа вклучени во тримесечната програма за практикантство, што се одвиваше во три циклуса во 323 претпријатија.

6800 невработени лица посетуваа обуки за јазици, IT, комуникациски и претприемнички вештини, што се одвиваа во три циклуси во текот на 2012 година. Од нив 6050 успешно ги завршија обуките, кои ги држеа 104 обучувачи.

767 долгорочно невработени лица посетуваа обуки за стручно усовршување од кои 628 лица успешно ги завршиле обуките. Стручните обуки се спроведоа во три циклуси од страна на 8 тренинг провајдери и стручни училишта.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | ноември 2010 – декември 2012 |
| Вкупен буџет: | 1 300 000 евра |
| ИПА: | 1 170 000 евра |
| Учесници во проектот: | Над 8000 невработени лица |
| Организација што го спроведува проектот: | Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) |
| Веб страница на проектот: | http://avrm.gov.mk/<br>http://avrm.gov.mk/WBStorage/Files/brosura.pdf |

## ОБРАЗОВАНИЕ, ВРАБОТУВАЊЕ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ ОД ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Целта на проектот е да се олесни интеграцијата на жените припаднички на етничките групи Албанци, Турци и Бошњаци на пазарот на трудот на територијата на регионот на Скопје, Полог, Кичево и Струга, преку развивање на нивните потенцијали за вработување.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | ноември 2012 – февруари 2014 |
| Вкупен буџет: | 173 360евра |
| ИПА: | 164 692 евра (95% од вкупниот буџет) |
| Организација што го спроведува проектот: | Стопанската комора на Северозападна Македонија; Партнери: Здружение за локален рурален развој, Регионална развојна агенција Сенек – Пезинок - Словачка |

## ПАТЕКА НА КАРИЕРАТА - ПОДОБРУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ОД ЕТНИЧКИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Целта на проектот е зголемување на можностите за вработување на жените од етничките немнозински заедници во руралните области во источниот регион на Република Македонија (Берово, Виница, Делчево, Карбинци, Кочани, Пехчево, Штип, Радовиш, Конче).

| | |
|---|---|
| Времетраење: | ноември 2012 – февруари 2014 |
| Вкупен буџет: | 247 857 евра |
| ИПА: | 223 071 евра (90% од вкупниот буџет) |
| Организација што го спроведува проектот: | Македонската развојна фондација за претпријатија; Партнери: Македонската стопанска комора, Хуманитарната и доброволна организација за Роми – Кхам - Делчево |

## ПОДДРШКА НА ЖЕНИТЕ РОМКИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Проектот има за цел да се зголеми вработеноста на жените Ромки преку подобрување на нивните клучни способности и олеснување на нивниот пристап до услугите за вработување во Пелагонискиот регион, поточно во Битола, Прилеп и Ресен.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | ноември 2012 – февруари 2014 |
| Вкупен буџет: | 194 633 евра |
| ИПА: | 183 597 евра (94,33% од вкупниот буџет) |
| Организација што го спроведува проектот: | Coordinamento delle Organizzazioni per il Servezio Volontario (COSV); Партнери: ПРЕДА – Агенција за регионален развој на Пелагонија - Прилеп |

## ПОДДРШКА НА ЖЕНИТЕ ОД МАЛЦИНСТВАТА ПОГОДЕНИ ОД КОНФЛИКТОТ

Целта на проектот е подобрување на вработеноста на жените (етничките Албанки, Ромки, Македонки и др.) кои живеат во регионите погодени од конфликтот во 2001: Куманово (Липково), Скопје (Чаир и Сарај), Тетово (Теарце, Желино и Јегуновце) и Гостивар (Маврово –Ростуше). Со проектните активности се планира да се опфатат 500 жени од горе споменатите региони, како што се жените од фамилиите на загинатите за време на конфликтот, жените од фамилиите кои имале повреден (ранет) од конфликтот во фамилијата и останатите жени од сиромашните фамилии (останатите малцинства и Македонките).

| | |
|---|---|
| Времетраење: | ноември 2012 – февруари 2014 |
| Вкупен буџет: | 261 680 евра |
| ИПА: | 248 073 евра (94,8% од вкупниот буџет) |
| Организација што го спроведува проектот: | Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС); Партнери: Флоренс најтингел - Куманово, Иницијатива за европска перспектива – Скопје, Рекански бисер - Ростуше |

## ИНТЕГРИРАНА ПРОГРАМА ЗА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Проектот има за цел оспособување на жените Албанки од Скопје, Тетово, Гостивар, Струга и околните рурални места за нивно активно учество на пазарот на труд, преку стекнување вештини, самовработување, како и преку креирање на нови можности за вработување на локално ниво.

Проектот ги предвидува следниве активности:

- Истражување на дефицитарни кадри во секоја заедница,
- Кампања за подигање на свеста на локалното население за поддршка на интеграцијата на албанските жени на пазарот на труд,
- Интегрирана програма за развој на капацитети за вработување во секоја општина со вкупно 240 жени Албанки на возраст над 35 години во времетраење од 5 месеци. Програмата ќе содржи модули за: вработување и самовработување, компјутерски вештини, обука за стручно образование и практиканство во локални компании,
- 10 дневна обука за локални граѓански организации за поддршка на жените во процесот на барање работа.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | ноември 2012 – февруари 2014 |
| Вкупен буџет: | 249 556 евра |
| ИПА: | 234 583 евра (94% од вкупниот буџет) |
| Организација што го спроведува проектот: | Центар за неформално образование Триаголник; Партнер: Лига на Албанската жена – Гостивар |

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА ЖЕНИТЕ ОД НЕМНОЗИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ПРЕКУ ПРОФИЛИРАЊЕ / ОЦЕНКА, ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА И СОВЕТУВАЊЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ

Целта на проектот е да се подобри вработливоста на жените од етничките заедници (Турчинки, Ромки, Србинки и Босанки, но и Македонки и Албанки) за нивно вклучување на пазарот на труд и да се поддржи женското претприемништво во Скопје (селата Аликоч, Конче, ромските населби Топана, Шуто Оризари и Чаир), Радовиш и Тетово (селата Шипковица и Одри). Проектот ги предвидува активностите поврзани со квалификување на жените од етничките заедници и нивна подготовка за влез на пазарот на труд или креирање на нивни бизниси преку профилирање и соодветно стручно обучување, јакнење на свеста за состојбата со жените и нивното вработување и поттикнување на културна отвореност во однос на учеството на жените на пазарот на труд, зајакнување на капацитетите и соработка со други граѓански организации и вклученост на потенцијални компании – работодавачи во проектот преку нивно информирање и посети од жените.

| | |
|---|---|
| Времетраење**:** | ноември 2012 – февруари 2014 |
| Вкупен буџет: | 287 890 евра |
| ИПА: | 272 515 евра (94,66% од вкупниот буџет) |
| Организација што го спроведува проектот: | Internationaler Bund e.V. (IB), Verbung Wurttemberg; Партнер: Дериа - Скопје, Женски форум – Тетово, ИРКОМ - Скопје |

## РАБОТЕН КЛУБ ЗА НЕВРАБОТЕНИ ЖЕНИ ОД ЕТНИЧКИТЕ МАЛЦИНСТВА - ОБУКА, ПОСРЕДУВАЊЕ, САМОВРАБОТУВАЊЕ

Цел на проектот е да се стимулираат и охрабрат 300 жени од етничките малцинства (Албанки, Ромки и Турчинки) во општините Куманово, Скопје, Дебар и Струмица, да се вклучат на пазарот на трудот преку:

- Индивидуална проценка на вештини
- Посредување при барање на работа со обука на работно место
- Курсеви за професионално и стручно оспособување
- Обука за самовработување.

На 6 локации се формирани работни клубови (Скопје: Сингелиќ, Шуто Оризари, Центар, Куманово, Дебар и Струмица), во кои се реализираат обуки за невработени жени од етничките заедници.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | ноември 2012 – февруари 2014 |
| Вкупен буџет: | 227 677 евра |
| ИПА: | 216 066 евра (94,9% од вкупниот буџет) |
| Организација што го спроведува проектот: | SEED Фондација; Партнери: Економско образование за млади менаџери – Јуниорско постигнување – Скопје, Центар за образовна поддршка “Дендо вас” – Скопје, Центар на ромската заедница ДРОМ – Куманово, Женска акција во Скопје, Центар за одржлив развој Порта – Струмица |